**Клучни зборови:** Реформи, меѓународно финансирање, земји во развој, економски раст

## 1. ВОВЕД

Конституирањето на мрежата на меѓународни институции со економска функција е раководено од желбата да се оствари широка експанзија на меѓународните економско – финансиски и развојно-трговски врски. Во повоениот период, особено внимание било посветено на изнаоѓањето и развивањето мултилатерална форма на соработка меѓу националните економии во рамките на светското стопанство. Таа мултилатерална форма на соработка добивала конкретна содржина преку изнаоѓањето нови форми на меѓународно финансирање на развојот, развивање и јакнење на меѓусебните трговски врски и сл. Сето тоа се институционализира во соодветните меѓународни организации и тоа: во доменот на меѓународното финансирање се конституиран ММФ. Во изминатиот период ММФ одигра значајна улога во поддржувањето и покренувањето на развојните иницијативи и импулси во светската економија. Функцијата и политиката на

оваа меѓународна финансиска институција во значителна мера, е креирана и под непосредно влијание на развиените земји. Не ретко овие земји го наметнуваат своето влијание во оневозможувањето на нормалниот тек на услугите на ММФ кон ЗВР или нивно блокирање, доколку не станува збор за некаква концесија од ЗВР. Наспроти тоа, ЗВР не се во таква состојба да издејствуваат поповолна позиција.Од тие причини, развојот и економската динамика на ЗВР се смета за трајна компонента на долгорочниот рамномерен и динамичен развој на светската економија. Ваквиот карактер на развојот на ЗВР врз светската економија укажува на неопходноста од поафирмативна улога на меѓународните економски организации во поддршката на вкупните напори што ЗВР ги прават за побезболно и побрзо вклучување во меѓународната поделба на трудот врз рамноправна основа. Имено, ММФ, треба да се реформира во насока на поголем пристап до ресурсите (дека ќе испорача повеќе пари), со помалку условувања и со поголема флексибилност од било кога до сега. Ова е остварливо преку покренување и одржување на синхронизирана меѓународна активност, во чиј контекст е потребна нагласена улога на меѓународните организации пред се, ММФ. На овој план досега е многу малку направено, затоа повеќе од потребна е реформа на овие институции.

## 2. НЕОПХОДНИ КЛУЧНИ ЕЛЕМЕНТИ ЗА РЕФОРМИТЕ НА УПРАВУВАЊЕ ВО ММФ

Сеуште се неопходни големи реформи во управувањето на ММФ ако се сака ММФ да ги ангажира поцелосно земјите во развој и да биде повеќе осетлив кон неговите најсиромашни членови. Постојат пет мерки кои директно ја изразуваат новата (и неопходната) улога на новопојавените економии и на тој начин да се осигури поголема осетливост кон најсиромашните земји. Неколку од нив беа препорачани на менаџментот на институцијата. Тие се:

1. Осигурување дека стратегиската управа кој донесува одлуки во врска со улогата и насоките на ММФ ги вклучува ЗВР. Традиционално оваа улога ја играше Г7. Процесот на заседавање на Г20 на лидерско ниво може да биде прв добар чекор нанапред, иако и таа е нова неформална управа (или можеби оживување на Советот оригинално разгледуван во членовите на Фондот);
2. Промена на процесот на назначување на повисокиот менаџмент (моментално назначувањето на менаџмент- директорот и прviот заменик менаџмент- директор и резиборот се прават од страна на ЕУ и САД). Ова би ја проширило групата на земји кои ефективно ја држат одговорноста за менаџментот. Исто така, со тоа би се проширил опсегот на влијание над повисокиот менаџмент при поставувањето на поттиците за сите тие работења во агенцијата;
3. Ефективен надзор на менаџментот на ММФ од страна на извршниот борд по пат на осигурување на тоа дека Бородот е воден од свој член, а не од Менаџерскиот директор. И преку јасно опишување на одговорностите и авторитетот меѓу Бордот и менаџментот. Во моментов ова се избегнува и резултат на тоа е опсег на одлуки за кои ни менаџментот ни Бордот не се одговорни;
4. Транспарентноста е круцијална, така што од членовите на Бордот може да биде побарана одговорност и достигнувања во однос на јасно исцртаните одговорности кои можат да бидат разгледувани и од аутсајдерите. Преку намалување на специјалното малцинство кое се бара за одредени клучни одлуки (или помалку дипломатски кажано, за потиснување на ветото на САД) да се прошират (отколку да се стеснат) напорите за убедување на легислаторите и политичките претставници во Вашингтон како и да се почне со барање и ангажирање на капитал низ целиот свет;
5. Воведување барање дека мнозинство земји како и мнозинство на гласачка моќ се неопходни за донесување на некои мерки (тоа е веќе побарано во амандманите на Членовите), како и да се создаде поттик за малиот број на богати и моќни членови да се консултираат со (и да ги убедат големиот број на сиромашни и со слаба гласачка сила) членките. Ефекетот што би следел би бил зголемување на одговорностите на персоналот на ММФ на Бордот на членките кои ги претставуваат земјите со слаба гласачка сила.

## 3. ПОМАЛКУ УСЛОВУВАЊА И ПОЛАБАВИ ЦЕЛИ

По долгиот процес на разгледувања и евалуација во рамките на организацијата кои започнаа уште пред една декада, ММФ повеќе пати ја истакна аспирација да ги „рационализира“ условувањата и да се фокусира на прилагодување на условите на позајмување на специфичните услови на земјите членки, пред се на земјите во

развој. Неодамна, ММФ вети дека ќе ги елиминира „тврдите“ структурни условувања, пред сè преку прекинување на структурните перформансни критериуми (вклучително и особено за земјите во развој) од 1-ви мај 2009 година.

Склучените осумнаесет аранжмани до денес, сугерираат дека ММФ во глобала успева во редуцирањето на структурните условувања. Тие аранжмани покажуваат и поместување од условувањата во врска со прашањата, за приватизацијата и реформите во граѓанските услуги или во државно контролираните компании. По кризата ММФ ги фокусира своите условувања на одржливоста на банкарскиот сектор, јавните трошења, фискалните прилагодувања и реформите на финансискиот сектор (Qu and Woods, forthcoming). ММФ, исто така, вети реформи во насока на олабавување на фискалните и инфлационите цели во однос на она што нормално го бара. Агенцијата се стреми да им дозволи на ЗВР, таму каде што е можно, да дадат одредени фискални стимуланси преку инфраструктурни и социјални трошења. Од фондот потенцираа, дека ги има олабавено фискалните цели за речиси 80% од земјите. Поточно за 18 од 23 афричките земји имаат активна поддршка преку програмите на ММФ за задржување на владините трошења. Исто така, се потенцира дека претходно ги олабавиле инфлационите цели во текот на 2010 година со цел справување со покачувањето на цените на храната и нафтата во светот. За новопојавените пазарни економии ММФ создаде нова флексибилна кредитна линија (FCL) за земји кои задоволуваат строги квалификациски критериуми („многу силни основи и политики“). Ова овозможува однапред безусловно финансирање. Флексибилноста вградена во дизајнот на FCL се поврзува не само со отворениот пристап, туку и со долгорочните услови на неговата отплата (од 3 години и 3 месеци до 5 години), потоа, преку неограничената можност за негово обновување и неговата двојна употребливост за контингентни (мерки на претпазливост) и актуелни потреби на билансот на плаќањата. До крајот на мај 2009 година, Колумбија, Мексико и Полска побараа и добија FFL пристап до вкупно 78 милијарди САД- долари. ММФ, исто така, вети дека ќе разгледа можност за воведување пофлексибилна, краткорочна, претпазлива, итна финансиска помош за земјите воразвој. Инструментот којшто беше предложен од страна на ММФ е високопристапниот стенд-бај аранжман за претпазливост (HAPAs) за земји што можеби нема да се квалификцираат за FCL, а имаат слични потреби на осигурување. Од претходното можеме да констатираме, дека ММФ истапи брзо во обезбедувањето на заеми за земјите кои се соочуват со нагласени економски проблеми.

## 4. РЕФОРМИ ВО НАЧИНОТ НА УПРАВУВАЊЕ

На полето на реформирањето ослабна, откако ММФ повторно почна да позајмува на големо и им се врати на многуте клиенти кои го избегнуваат отплаќањето, еродирајќи ја итната потреба за трансформација на сопствениот приходен модел. Од сето тоа може да се види дека се доведува потребата од реформа во прашање, нешто што е неопходно во придонесот за глобалниот раст, подобрувањето и стабилноста. Лидерите на Г20 се согласија дека за да помогнат во надминувањето наекономските проблеми на ЗВР, потребно е да ја зајакнат „долгорочната релавантност, ефективност и легитимитет“ на ММФ и нагласија дека тие се „одлучни да ги реформираат и модернизираат меѓународните финансиски институции за да обезбедат ефективно да им помогнат на членките и акционерите во новите предизвици со кои тие се соочуваат“: „Ние ќе ги реформираме нивните мандати, обем и управување, така што тоа ги одразува промените во светската економија и новите предизвици на глобализацијата, и дека ЗВР, вклучувајќи ги и најсиромашните, мора да имаат поголемо право на глас и претставување. Ова мора да биде придружено со акција за зголемување на кредибилитетот и пристапот на институциите преку подабар стратегиски надзор и одлучување“. Конкретно кажано, Г20 објави дека тие би требало да ги утростручат ресурсите за ММФ до 750 милијарди САД- долари и да ги поддржат новите SDR алокации на 250 милијарди САД -долари. Тие, исто така, ветија (како што беше споменато претходно) да искористат дополнителни ресурси од договорената продажба на злато на ММФ за концесионално финансирање на најсиромашните земји и се обврзаа да се ангажираат околу новиот приходен модел на ММФ. Во однос на реформите на управување, Г20 се договорија да ја имплементираат веќе договорената (во април 2008 година) квота и објавените реформи и да го разгледаат поголемото учество во Фондот на гувернерите за да обезбедат стратегиски правци за ММФ и да ја зголемат неговата одговорност. Улогата на Фондот во финансиското регулирање би требало да биде изведено во координација со нововоспоставениот Финансики борд на стабилност.

**5. ТРАНСФОРМИРАЊЕ НА РЕСУРСИТЕ НА ММФ**

Во декадата по источно-азиската криза приходите на ММФ це намалија, оставајќи ја институцијата со проценет недостаток од 400 милиони САД- долари годишно до 2010 година, присилувајќи ја некогаш моќната институција да отпушти 300 до 400 свои вработени годишно (или вкупно 2600). Десетте менаџмент директори на ММФ овластија комитет кој ќе го проучи одржливото долгорочно финансирање на ММФ. Комитетот дојде до сознание дека на постојниот модел му недостасува економска логика, предвидливост (со приходни нивоа неопходни за финансирање на многу флуктуирачки потреби на позајмувачите), флексибилност и приспособливост и е изопачен во својата зависност при неисполнување на основната мисија (да превенира финансиска криза). Извештајот, исто така, истакнува до која мера должниците на ММФ плаќаат (преку маргината на ММФ за посредување) за активности кои се „јавни добра“ (пресметани како сметководствена ставка од некои 44,1% од административните трошоци на ММФ во времето на извештајот)[1]. Извештајот повика на формирање нов приходен модел, вклучувајќи и проширени инвестициски активности, создавање фонд (преку ограничени продажби на злато) и наплатување на услугите на ММФ коишто се дадени директно на членовите. Бордот на ММФ сега ги договори елементите коишто ќе го заменат „моделот на неодржливи приходи“ со модел „базиран на посилни и поразлични извори на приходи во соодност со повеќекратните функции на Фондот“. Овие три елементи на моделот вклучуваат:

1. фонд создаден од профитите од ограничената продажба на 403,3 тони злато од Фондот. Продажбата на златото бараше одобрение од Конгресот на САД;
2. проширување на овластувањето за инвестирање на ММФ со цел зајакнување на очекуваните профити од инвестициите на Фондот, за Фондот да ја адаптира својата стратегија на инвестирање со текот на времето. Наведеново е одобрено од страна на Бордот;
3. продолжување на долгорочната пракса на надоместување на трошоците на Фондот за одржување на овластениот фонд за концесионални заеми на нископриходните земји-PRGF-ESF-фондот, без да се засегне способноста на Фондот да дава концесионални заеми на нископриходните земји.

Во времето на објавувањето на новиот модел, менаџментот на ММФ изрази надеж дека тој ќе создаде дополнителни 330 милиони САД- долари приход за неколку години. Стариот модел на финансирање на ММФ ја направи институцијата самоуверена во приходите од новопојавените економии-членки кои позајмуваа од неа во криза. Во пракса, во текот на периодот на интернационализација на финансиската криза, кога алтернативните извори на финансирање секнаа (исто како во текот на 1980-те и раните 1990-ти), тоа им даде на членките кои не зајмуваат од институцијата, како и на менаџментот и на вработените голема моќ. За време на овој период ММФ ги прошири своите дејности во областа на јавните расходи (така што, на крај тие изнесуваа повеќе од 44,1% од административниот буџет[2]) најмногу по налог на непозајмувачите, но користејќи ги парите од позајмувачите. Новиот модел на финансирање општо прикажан претходно ја намалува зависноста на ММФ од своите членови позајмувачи и непозајмувачи. Со новиот фонд и пошироките инвестициски овластувања, менаџментот на ММФ може да добие поголема контрола над ресурсите без да зависи од одлуките што ги носат земјите- членки. Враќањето на трошоците на PRGF- доверителскиот фонд, исто така, ги префрла ресурсите од членките кон оние што се контролирани од менаџментот на ММФ.

Оставајќи го на страна новиот модел на финансирање, меѓутоа, дали другите делови на Г20 се одговорни за финансиската криза која го пресоздаде ММФ како координативен механизам за кредитните линии на членовите и иницијативите, вклучува и:

1. Зголемување на новите аранжмани за заем (NAB) од 50 милијарди на 500 милијарди САД- долари. Овие аранжмани, во суштина, се договори со земјите- членки (сега 26 на број)[3] да стојат на готовност за да му позајмат на ММФ и со земјите чиишто нивоа на обврски се одразуваат на нивната ММФ квота. САД го

[1] Committee to Study Sustainable Long-Term Financing of the IMF (31 јануари 2007).

[2] Final Report of the Committee to Study Sustainable Long-Term Financing of the IMF (the Crockett Report), 31 january 2007

[3] Монетарните власти кои се согласија да партиципираат се од Австралија, Чиле, Белгија, Канада, Данска, Германија, Финска, Франција, монетарнит власти на Хонг Конг, Италија, Јапонија, Кореја, Кувајт, Луксембург, Малезија, Холандија, Норвешка, Саудиска Арабија, Шпанија, Шведска, Швајцарија, Тајланд, В. Британија и САД.

зголеми својот придонес во NAB кредитната линија со дополнителни 100 милијарди САД- долари (за разлика од 10-те пред кризни милијарди кои беа дел од 50 милијарди тешкиот NAB);

2. Само Јапонија веќе даде свој придонес во вид на кредитна линија од 100 милијарди САД- долари (преку билатерални договори за позајмувања) како поткрепа за ресурсите на ММФ. Во ист правец, беа и Норвешка со 4,5 милијарди, Канада со 10 милијарди и ЕУ која вети 100 милијарди САД –долари; 3. Алокација на SDR од 250 милијарди САД- долари одобрена од Бордот на 20-ти јули 2009 година. Развојот на финансиската структура и моделот на приходи на ММФ тивко ја подвлече статус квотата во управувањето со ММФ. Новиот модел на приходи создава извор на приходи за ММФ којшто зависи помалку од неговите земји- членки кои се задолжуваат. Договорот на Г20, ММФ да се користи како координатор на кредитните линии до 750 милијарди САД- долари го вовлекува ММФ во координативна врска со земјите кои ги прошируваат кредитните линии со него. Во ниту еден случај промените во финансиската структура не даваат директен поттик ММФ да биде повеќе осетлива и одговорна кон новопојавените и во развој економии- членки.

### 6. РЕФОРМА НА ПРЕТСТАВУВАЊЕТО И ГЛАСАЊЕТО ВО ММФ

По појавата на финансиската криза, поточно на 28-ми април 2008 година, Бордот на гувернери на ММФ усвои нешто што тие го нарекуваат „далекусежни реформи“ во врска со управувачките структури на институцијата насочени кон обнова на „кредибилитетот и легитимитетот“ на организацијата.[4] Овие реформи се базирани на договорот постигнат во Сингапур 2006 година за зголемување на квотите на Кина, Кореја, Мексико и Турција и за одење кон реформи кои ќе го зајакнат застапувањето во институцијата. Резултатот, гарантиран од Бордот на гувернери на ММФ од 29-ти април 2008 година вклучуваше: нова формула за квоти и втора рунда на ad hoc- зголемување на квотата базирана на новата формула; договор за трократни основни гласови; договор за тоа секој од дваjцата извршни директори кои ги претставуваат Афричките земји да можат да назначат еден дополнителен алтернативен извршен директор. Оваа реформа директно влијаеше врз вкупната промена на гласачката сила од 5,4% во ММФ (види додаток В во врска со резултатите). Промената беше ефектуирана преку нова формула.[5] Резултатот е драстично зголемување во квотните удели (но не на основните гласови) за Кореја (+106%), Сингапур (+63%), Турција (+51%), Кина (+50%), Индија (+40%), Бразил (+40%) и Мексико (+40%). Исто така, вреди да се спомене дека некои индустријализирани земји беа подготвени да се воздржат од зголемување на квотата на која тие имаат право, тие земји се Германија, Ирска, Италија, Јапонија, Луксембург и САД.

Целта на реформите, делумно, беше и да се признае порастот на економската моќ на ЗВР (преку давање на поголеми гласовни удели и на тој начин да се поттикнат, соучествуваат како акционери на ММФ), како и да се осигури институцијата да стане уште поосетлива за најсиромашните земји (преку зголемување на капацитетот на нивното претставување преку алтернативниот директор). Тешко е да се види како дополнителните алтернативни директори кои претставуваат големи групи на африкчи земји можат тоа да го направат. Претстоечката ефективност на овие претставници ќе се состои во фактот дека тие ќе немаат некои конкретни влијанија врз другите членови на бордот или врз менаџментот и персоналот на ММФ кои вредат да им се посвети внимание. Тие немаат доволно гласови кои имаат значење (и реформите не го подобруваат ова), ниту пак постојат процедури за донесување на одлуки кои ќе создадат поттици за другите да расправаат за нив. Сепак, овие работи може да се променат со реформите наведени подолу.

Во однос на ЗВР, се поставува прашањето дали погоре споменатата реформа на „столчиња и удели“ може на големите новопојавени економии да им даде поголем поттик за поголемо ангажирање во институцијата? Можеме да ја тестираме оваа цел преку поставување на прашањето: дали постојат докази дека тие повеќе се ангажираа во почетокот на финансиската криза? Секако, дека Кина, Брзил и Индија (како што беше кажано и претходно) се согласија да откупат дел од новите записи на ММФ. Меѓутоа, сепак ова не е исто што и

[4] "Transcript of a Conference Call by Senior IMF Officials on Board Governors Vote Quota an Voice" Washington, D.C. Tuesday, April 29, 2008: www.imf.org/external/np/tr/2008/tr080429a.htm

[5] За критиката на новата формула видете кај Ralph Bryant, "Reform of the IMF Quota Shares and Voting Shares: A Missed Opportunity" (8 April 2008).

проширување на кредитните линии преку учество во Новиот аранжман за позајмување (NAB). Двете земји кои најмногу добија од новото зголемување на квотите, всушност веќе се приклучени на NAB уште во 1998 година (Кореја и Сингапур). Понатамошното тестирање на реформите до денес е преку прашањето дали реформите го екипираа ММФ за справување со големите предизвици на глобалната соработка во светската економија? Во јадрото на ова лежи степенот до кој земјите во развој, ја почувствуваа потребата да акумулираат резерви.

**7. РЕФОРМИ ВО НАБЉУДУВАЧКАТА УЛОГА НА ММФ**

Различни офицјални лица од САД разубедуваа дека надгледувачкиот процес на ММФ треба да изврши сериозен притисок врз Кина за таа да ја апрецира својата валута. Иако, многу економисти предупредија во врска со претставувањето во големи размери влијанието на кинеската апрецијација врз трговскиот биланс на САД, сепак, во врска со ова парашање ММФ беше остро критикуван од страна на САД, поради тоа што ММФ не зазема доволно тврда линија кон она што многу креатори на политиката на САД и аналитичарите го нарекоа Кинеска „валутна манипулација". Формалната моќ на ММФ во врска со надгледувањето на девизните курсеви е поставена во Членот IV одделот 3 од членовите на Договорот на ММФ, каде што стои дека: „ММФ ќе спроведе силно надгледување над политиките на девизните курсеви на членките и ќе усвои специфични принципи за насочување на сите членки во однос на тие политики. Секоја членка ќе го обезбедува Фондот со информации неопходни за таквото надгледување и кога ќе побара
Фондот, ќе се консултира со политиката на девизниот курс на членката..." Во пресрет на бучната дебата од Вашингтон и значајниот притисок од политичарите и коментаторите од САД, ММФ, многу напорно работеше во разјаснувањето на својот мандат и во негово спроведување. Во врска со ова, ММФ покажа прилично висок степен на независност од еден свој акционер. Во јуни 2007 година менаџментот на ММФ побара (и доби) од Бордот, Одлука за билатерално надгледување над политиките на членките, појаснувајќи дека набљудувањето над земјите треба да се фокусира на проценката дали политиките на земјите промовираат надворешна стабилност, како и дали и што не е прифатливо за меѓународната заедница во смисла на тоа како земјите би требало да ги водат своите политики на девизни курсеви; и исто така, нагласувајќи дека надгледувањето треба да биде на база на соработка, отвореност и непристрасност, земјаќи ги предвид специфичните услови на земјата.

За ММФ да има сила да притисне врз земјите кои не позајмуваат да ги променат своите политики на девизниот курс ќе треба промена на Членот за договори на ММФ со што ќе им се даде нова полномошна сила на институциите. Ќе биде тешко да се замисли моќните членови на институцијата да се согласат на ова. Никој не би се согласил на тоа ако САД би имале можност да стават вето кога е во прашање нивната политика на девизниот курс. Сите ќе станат свесни (баш како што ќе станат) дека силните членки не би оделе против самите себе . Многу тешко е да се посигнат координација и соработка на овој начин.

**ЗАКЛУЧОК**

Меѓународниот монетарен фонд е една од меѓународните финансиски институции каде се регулира механизмот на меѓународни плаќања или се финансира развојот ЗВР, иако тие имаат рамноправно членство, сепак одлуките не се донесуваат врз рамноправна основа. Оние земји што депонирале поголеми средства во фондовите на овие организации имаат поголем број гласови, а тоа се РЗ. Тоа, пак, значи дека на еден или друг начин и во ваквиот вид "меѓународни" асоцијации доминира влијанието на развиените земји. Врз основа на тоа се предлага формирање нови финансиски институции и реформирање на постојните, што би функционирале врз принципот на рамноправност во соработката меѓу развиените земји и земјите во развој. Тоа ќе значи голем адут во рацете на ЗВР за стимулирање и покренување на нивниот развој. Според тоа, преку реформа на ММФ ќе се стимулираат финансиските текови меѓу ЗВР, со единствена цел да се развива меѓусебната стоковна размена, трансферот на технологија, инвестирањето во заедничкита проекти меѓу ЗВР и развиените земји, купопродажбата на капитални добра и сл. Меѓутоа, реформирањето, трансформирањето на меѓународните финансиски институции, според досегашното искуство, е тешко, особено кога се има предвид добивањето општа согласност, од страна на развиените земји. Во тој контекст, јакнењето на улогата на меѓународните економски организации треба да подразбира, покрај почитување на рамноправното одлучување за клучните финасиски прашања, истовремено и за афирмацијата на меѓународниот

мултилатерален финансиски систем, при што треба да се избегнува протекционизмот, дискриминацијата и непочитувањето на преземените обврски. Оттука, треба да биде јасно дека за успешно функционирање на светската економија, неопходна е трансформација на постојниот економски поредок во насока на профилирање слободен, отворен и недискриминаторски систем на меѓународното финансирање на развојот.

Овој систем ќе треба да внесува елементи за поголемо и поцелосно интегрирање на сите земји во глобалните финансиски и монетарни движења. На тој план ЗВР треба да вложуваат огромни напори, главно преку реформи во ММФ и отворање но нови меѓународни финансиски институци и организации, сè со цел, за одржување, јакнење и остварување на посебен и недискриминаторски третман на овие земји во меѓународните финансики текови.

**ЛИТЕРАТУРА**

[1] Transcript of a Conference Call by Senior IMF Officials on Board Governors Vote Quota an Voice” Washington, D.C. Tuesday, April 29, 2008: www.imf.org/external/np/tr/2008/tr080429a.htm
[2] Ralph Bryant, “Reform of the IMF Quota Shares and Voting Shares: A Missed Opportunity” (8 April 2008).
[3] Final Report of the Committee to Study Sustainable Long-Term Financing of the IMF (the Crockett Report), 2007.
[4] Committee to Study Sustainable Long-Term Financing of the IMF (31 јануари 2007).
[5] Walden F. Bello “Deglobalization: Ideas for a New World Economy“ Palgrave Macmillan, 2015.
[6] Thomas G. Weiss, “The United Nations and Changing World Politics: Fifth Edition “, New York, 2016.